Архивски знак: 0201
Рок на чување: трајно год.
20 ___ година
Потпис,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ
СКОПЈЕ
Примено: 10.09.2018
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 02 | 674/1 | | |

# Здружение на Работнички и Народни универзитети на Македонија

Дополни и измени на
Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење
(Сл. Весник на Р. Македонија, бр.36 од 23.03.2011 година)

1. Називот на сегашните установи за образование на возрасни, неформално образование за млади и доживотно учење *Отворени граѓански универзитети за доживотно учење* е конструиран со донесувањето на Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.36 од 23.03.2011 година) кои претходно се нарекуваа Работнички универзитети. Ваков назив за установи со слична дејност во Европа па и во светот не е својствен. Постојат **отворени универзитети** (*An* ***open university*** *is a university with an open-door academic policy, with minimal or no entry requirements. Open universities may employ specific teaching methods, such as open supported learning or distance education.*) и **граѓански универзитети** (*A* ***civic university*** *sees itself as delivering benefits to individuals, organizations and to society as a whole. It means putting academic knowledge, creativity and expertise to work, to come up with innovations and solutions that make a difference.*) кои меѓусебно се разликуваат, но во основа се наменети за повисоко или академско образование.

   Установи слични на претходно спомнатите за образование на возрасни ... итн во Централна Европа и Скандинавија се нарекуваат *народни високи школи* или *народни универзитети*. Хрватска и Словенија го прифатија тој модел и тие установи кај нив се нарекуваат *пучка свеучилишта,* односно *људска универза.* Во Босна и Херцеговина тие се згаснати, додека во Србија и Црна Гора тие сè уште се нарекуваат *работнички универзитети*.

   Според тоа, називот Отворени граѓански универзитети за доживотно учење е конструкт, непознат во светот  и постои само во Македонија. А како е дојдено до ваква чудна комбинација не ни е познато бидејќи никој од нас не бил консултиран. Затоа предлагаме овие установи конечно да добијат соодветно име кое ќе биде препознатливо во Европа и светот, едноставно *Народни универзитети,* бидејќи познато е дека во Македонија веќе од 1920 години постоеле Народни универзитети.

2. Во Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.36 од 23.03.2011 година), член 9 (кој се однесува на обврските на Управниот одбор), алинеа 5 стои: *го донесува годишниот извештај за работа на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење и го доставува до основачот, најдоцна до 1 март*. Сметаме дека е несериозно да се бара поднесување извештај до основачот, ако истиот со ништо не учествува во поддршката на установата. Овој член би имал смисла само доколку основачот се јавува како поддржувач на дејноста на установата, односно 100% финансиски ги покрива нејзините активности. Во дадената ситуација ни еден основач не ја финансира дејноста на овие установи во каква било форма (било преку лични доходи или проектни активности). Затоа сметаме дека член 9 треба да претрпи преформулација, односно: *го донесува годишниот извештај за работа на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, а извештајот за буџетски финансирани активности го доставува до основачот најдоцна до 1. март.*

3. Во истиот закон, член 10 (кој се однесува за условите кои треба да ги исполни лице кое сака да раководи со установата), точка 2, алинеа 3 стои: *да има пет години работно искуство и да има организациски способности*. Сметаме дека се работи за раководење со установа која е специфична во својата организација, која нуди претежно неформално образование за возрасни, но и формално образование, нејзината дејност од друга страна може да опфаќа и обуки од сферата на хобијата, но и активности од доменот на културата, како што се организирање изложби и промоции, затоа сметаме дека лицето кое се стреми да раководи со ваков вид установа мора да има две години искуство во слични центри и установи, односно центри или установи за неформално образование за возрасни и доживотно учење. Според тоа, петте години работно искуство треба да вклучуваат и две години искуство во центар или установа за неформално образование за возрасни.

4. Во истиот член (10) од спомнатиот Закон, алинеа 4 стои: *положен испит за директор за основно, односно средно училиште.* Сметаме дека овој услов нема да направи компетентни директори, бидејќи ниту основните, ниту средните училишта имаат соодветна организациска поставеност и дејност кои би одговарале на оние на овие установи. Доколку се бара од идните директори на овие установи да имаат положено директорски испит, тогаш обуката за нив мора да се темели врз програма со исходи кои ќе се однесуваат на организацијата и дејноста на работничките/народните универзитети или тој услов воопшто да не се бара.

5. Во истиот член (10) од спомнатиот Закон, точка (5) стои: *Директорот се именува за време од четири години и може повторно да биде именуван за уште еден мандат.* Мандатно ограничување на именувањето директор на тие установи во повеќето земји, кајшто има народни универзитети, не постои. Според спомнатиот Закон, член 9, алинеа 2, целата постапка за именување и разрешување директор ја спроведува Управниот одбор. Освен тоа, основачите на овие установи, освен со двата члена во Управниот одбор, не даваат никаков удел во поддршката на установата во случаи кога општината се јавува како основач. Следствено на тоа, сметаме дека мандататното ограничување на директорите е само препишан услов од останатите закони за

установи за формално образование, дотолку повеќе што работничките универзитети може да бидат и во приватна и мешана сопственост.

6. [1]Дополување на Законот (во делот за избор на директор) ??? Сметаме дека условот за познавање на еден од светските јазици (англиски, германски, француски) на B2 ниво треба да биде придружен со возрасна граница до 35 години, а на секои 10 години истата да се проширува. Бессмислено е да се очекува од директори на која било јавна установа да владеат светски јазик на вака високо ниво во поодминати години, имајќи предвид дека голем дел од нив никогаш и не учеле еден од тие јазици во образовниот систем, а да стигнат ниво B2 на познавање на еден од тие јазици е долготраен и макотрпен процес, што ќе рече дека овој услов веднаш во старт елиминира искусни кадри. Познавањето на светски јазик единствено би имало смисла само кај млади кадри за кои може да се претпостави дека имаат доволно време да го совладаат или веќе го совладале бараното ниво.

7. Член 16 од Законот се однесува на финансирањето на односните установи: *Средствата за финансирање на отворените граѓански универзитети за доживотно учење може да се обезбедат од сопствени приходи од извршени услуги, од основачот, од Буџетот на Република Македонија, како и од легати, подароци, донации и од други извори*. Ваквата формулација на овој член не придонесе за негово реализирање. За општините кои во најголем дел се основачи на овие установи улогата на истите во заедницата е минорна, па речиси никаква. Можеби ако се исфрли модалниот глагол „може" од формулацијата би можело да се надеваме дека ќе дојде до позитивно поместување кон реализација на овој член, односно: *Средствата за финансирање на отворените граѓански универзитети за доживотно учење се обезбедуваат од основачот, сопствени приходи од извршени услуги, од Буџетот на Република Македонија, како и од легати, подароци, донации и од други извори*.

8. Во член 17 точка (3) од наведениот Закон стои: *Државниот просветен инспекторат, согласно со закон, врши интегрална евалуација на отворените граѓански универзитети за доживотно учење.* За жал, искуството покажува дека просветните инспектори не ја познаваат дејноста на работничките универзитети и најчесто се фокусирани на активности кои им се веќе познати од формалното образование. Често се случува одговорниот просветен инспектор, задолжен да спроведе интегрална евалуација, да бара податоци за број на ученици во основното образование како и закажани и одржани родидтелски средби, онака како им бара на директорите во основните училишта.

   Воведувањето на процесот за верификација на неформалните програми за образование на возрасни во 2012 година отвори законска можност и право за компаниите да дејствуваат како понудувачи на верифицирани програми за образование на возрасни, но реализацијата на овие програми не подлежи на инспекција од страна на Државниот просветен инспекторат. Законот

[1] Треба да се најдат соодветните измени и дополнувања во Службен весник

предвидува контрола и увид во работата на отворенните граѓански универзитети за доживотно учење (во смисла на верифицирани програми) поради нивниот статус на јавни установи и Законот за јавни установиутврдува дека работничките/народните универзитети подлежат на инспекција (иако не добиваат средства од државата), но не и сите други понудувачи. Од друга страна, Законот пропишува казни за отворените граѓански универзитети доколку во текот на инспекцијата бидат утврдени недостатоци, што исто така ги става во нееднаква положба во однос на другите понудувачи на услуги.

Целта на секоја евалуација е да води кон подобрување на квалитетот на дејноста на установата. Народните универзитети во Германија на пр. не се подложни на евалуации од Министерството. Тие имаат сопствен систем на менаџирање на квалитет кој е изработен од самите народни универзитети во партнерство со агенции за менаџирање на квалитетот. Всушност, за да добиваат буџетски средства тие се обврзани да имаат систем за менаџирање на квалитетот. Сметаме дека сличен модел би можел да се примени и кај нас и да се прекине праксата на интегрална евалуација, а на работничките универзитети да им се даде временска рамка да подготват сопствен систем за менаџирање на квалитетот и за резултатите од мониторингот да го известуваат основачот, доколку основачот обезбедува финансиска поддршка.

9. Во Член 3 став (1) од наведениот Закон стои: *Основното образование за возрасни се изведува во јавни отворени граѓански универзитети за доживотно учење и тоа како редовно и вонредно образование.* Сметаме дека зборот "јавни" треба да се избрише, бидејќи тоа ги ограничува Отворени граѓански универзитети за доживотно учење кои согласно одредбите за трансформација се трансформираа во приватни установи, да обавуваат основно образование на возрасни. Од тука предлагаме Член 3 став (1) да гласи: *Основното образование за возрасни се изведува во отворени граѓански универзитети за доживотно учење и тоа како редовно и вонредно образование.*

10. Во Член 6 став (2) од наведениот Закон стои: *Управниот одбор го сочинуваат пет члена, и тоа: двајца членови од редот на вработените во отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, двајца членови кои ги именува основачот на отворениот граѓански универзитети за доживотно учење и еден член од Министерството за образование и наука.* Со оглед на поврзаноста на природата на работа на отворените граѓански универзитети за доживотно учење и локалниот бизнис сектор, предлагаме еден член да биде претставник од локалниот бизнис сектор. Член 6 став (1) да гласи: *Управниот одбор го сочинуваат пет члена, и тоа: двајца членови од редот на вработените во отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, еден член кој го именува основачот на отворениот граѓански универзитети за доживотно учење, еден член од локалниот бизнис сектор, именуван од локалните стопански комори, и еден член од Министерството за образование и наука.*

Председател

Трајче Петров

СКОПЈЕ